**Ново ♡ срце**

**Неделен Христијански Интернет Билтен** **Година V. бр. 168. Дата: 18. 03. 2013.**

# Приказната за добриот самарјанин

Во една прилика, кога Исус поучуваше дека треба да го сакаме нашиот ближен, еден од присутните запраша: „А, кој е мојот ближен?“ Тогаш Исус ја раскажа параболата за добриот самарјанин. За да ја разбереме, смислата на оваа приказна, која е опишана во евангелието по Лука (10:25-37), ние ќе ја прераскажеме во современа форма и во наш контекст:



Еднаш, еден македонец, враќајќи се од црква, беше нападнат од некои наркомани, кои го ограбија и натепаа, оставајќи го полумртов во една споредна уличка. По некое време, од таму помина еден свештеник, со неговиот скап автомобил. Тој го забележа човекот, но го заобиколи и си замина, бидејќи брзаше за на гробишта. Истото се повтори кога тука помина и еден адвокат: тој се доближи до човекот, го виде како лежи и си замина, бидејќи се плашеше тој да не биде обвинет за нешто што не го направил.

Потоа, од таму помина еден албанец, го забележа претепаниот македонец и кога го виде раскрварен, му стана жал; застана со автомобилот, ја извади кутијата со прва помош и му ги преврза раните. Но, бидејќи некои од раните беа подлабоки, тој реши да го качи во својот автомобил и го однесе до најблиската болница. Таму му објаснија дека тоа е приватна болница и не важат плавите картони, па за неговото сместување и лекување, ќе мора да се плати. Тој ја извади неговата платежна картичка и ги плати болничките трошоци, со зборовите: „утре ќе поминам да го посетам пациентот и ако се направени дополнителни трошоци, јас ќе ги покријам“.

Што мислиш, кој од овие тројца се покажал како ближен на настраданиот? Ако сме искрени, тогаш би требало да одговориме дека тоа е албанецот. Веројатно ќе реагираш и ќе речеш дека не сите албанци се такви. Вистина е, но тоа истото важи и за македонците и за сите други.

Прашањето е: „Дали ти би го направил истото за еден албанец, или за некој што не е на списокот на твои пријатели, роднини и луѓе од кои можеш да имаш корист?“ Ние го сметаме за наш ближен, оној што е наша националност или вероисповед, но Исус, преку приказната за „добриот самарјанин“ ја промени нашата перцепција по ова прашање.



Тој им укажа на евреите (а и на нас, денес) дека твој ближен може да ти биде и некој што не е од твојата националност или вера, но веројатно живее во твојот град, пазарува од истата самопослуга, се среќавате на улица... и токму за таквите луѓе, Исус заповеда: „сакај го твојот ближен како себе си“.

Спремен ли си да ја применуваш оваа заповед на дело, особено кога треба да им помогнеш на луѓето кои вообичаено сакаш да ги избегнеш, или не ти се многу симпатични? Кој е твојот ближен? Кон кого си спремен да покажуваш љубов и да вршиш добри дела?

**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**